РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР УП-I-10-23
23.11. 2023 год.
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, Скопје со број УП-1-10-23 од 01.11.2023 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 15.11.2023 го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, заверено под број УП-1-10-23 од 01.11.2023 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 16.10.2023 година заверено под број УП-1-10-23 со кое побара преку е-маил да му биде доставено електронски запис од следната информација: активности за сите форми на родово насилство, промовирање на родова еднаквост и елиминирање на стереотипите за родови улоги во урбани и рурални средини за 2018-2023; стратешка цел за спречување и заштита на сите форми на насилство врз жени и семејно насилство; Општината има аплицирано на јавниот повик од МТСП на проектот за подобрување на социјалните услуги со подршка од Меѓународната Банка за обнова и развој (Кредит бр:8902-МК); Средства од буџетот на општината се наменети и доделени на граѓански организации за родово насилство за 2018-2023 година.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен го информира дека, во период од 2018-2023 година нема активности за родово семејно насилство; Општина Ресен има Програма за еднакви можности за жените и мажите за 2023 година донесен од Советот на Општина Ресен објавен е во “Службен Гласник” бр.14/2022; Одделението за локален економски развој и преку гранична соработка, достави апликација заверена под број 17-1638/1 од 06.07.2023 година до Министерство за труд и социјална политика, во рамки на Проектот за подобрување на социјалната услуга (ППСУ), со финансиска подршка од Меѓународна Банка за обнова и развој (Кредит бр:8902-МК) но апликацијата не беше одобрена за финансирање; во Буџетот на Општина Ресен во период од 2018 година до 2023 година не се планирани средства за спроведување активности поврзани со родово и семејно насилство.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**